**Македонија и ММФ во турбулентни времиња**

Забелешки подготвени за тркалезната маса организирана од страна на Европската бизнис асоцијација/ Фондација Konrad Adenauer

8 април, 2009
Скопје

Од Берт ван Селм, резидентен претставник на ММФ

Дами и господа,

1. **Меѓународната финансиска криза е присутна веќе 20 месеци (започна во август 2007 година и најсилно ја погоди светската економија по пропаѓањето на Lehman Brothers во септември минатата година).** Во моето денешно обраќање ќе се осврнам на влијанието на оваа криза на Македонија, на ММФ како и на односите меѓу нив.

2. **На почетокот, влијанието на кризата врз економиите на земјите во развој, како и на заемите од страна на ММФ, беа ограничени.** Кризата започна во финансискиот сектор на пазарите на развиените економии, и на почетокот многу се зборуваше за "исчезнување,, на економиите во развој. Првата голема системска криза се појави во Исланд, кој што во ноември 2008 потпиша стендбај аранжман со ММФ.

3. **Првичните влијанија врз македонската економија исто така се чинеа ограничени.** Македонската економија и понатаму продолжуваше брзо да расте се до летото 2008, кога во август истата година заврши нејзиниот тригодишен стендбај аранжман со ММФ, кој се третираше како аранжман за претпазливост по првичното повлекување на средства во 2005 година.

4. **Глобалната криза драматично се влоши во втората половина од 2008 година, особено по прогласувањето банкрот од страна на Lehman Brothers на 14 септември 2008 година.** Зголеменото одвраќање од инвеститорскиот ризик и силното намалување на долговите од страна на западните банки како одговор на лошите биланси како и ограничувањето на ликвидноста, на економиите во развој им го отежна финансирањето на надворешните дефицити. Многу економии во развој, особено во Азија и Латинска Америка, имаа вишок средства на тековната сметка како и акумулирано големи девизни резерви, што ги правеше помалку ранливи во однос на финансиската криза. Сепак, многу земји од Централна и Источна Европа, кои имаа големи дефицити на

тековната сметка кои што се финансираа од страна на странски банки и странски директни инвестиции, набргу западнаа во невоља. Многу од нив се обратија до ММФ за финансиска помош: до денеска, Украина, Унгарија, Србија, Латвија, Белорусија и Ерменија се договорија со Фондот околу големи пакети за поддршка на нивните економии, а разговори околу програмите на Фондот се одвиваат и со други земји, вклучувајќи ги Романија, Црна Гора, Турција и Босна и Херцеговина. Неколку земји надвор од европскиот регион исто така му се обратија на Фондот за поддршка. Заедничка карактеристика на овие програми е тоа што тие се комбинација на финансирање и прилагодување: макроекономските политики кои што се стремат кон намалување на надворешните дефицити до одржливи нивоа се поткрепени со финансиска поддршка од страна на ММФ, најчесто и со дополнителни придонеси од страна на мултилатерални и билатерални донатори. Финансиската поддршка од страна на Фондот помага околу финансирањето на кусокот што се јавува во платниот биланс, со што го олеснува и прилагодувањето, воедно, во многу случаи помошта од Фондот го поддржува и банкарскиот систем.

5. **Македонија влезе во периодот на глобалната криза со огромен дефицит на тековната сметка, 13 проценти од БДП во 2008 година, и голема зависност од финансирањето од странство. Како повеќето нејзини соседи, така и Македонија сега е погодена од светската финансиска и економска криза.** Во прашање се неколку канали. Прво, глобалната криза доведе до силна контракција на глобалната трговија, што за Македонија значи намален извоз. Ова е пропратено и со намалување на цените на металите, што со голем дел учествува во нејзиниот извоз. Второ, **приватните трансфери** или поточно девизните средства продадени на приватните менувачници, на нето основа, исто така остро се намалија во 2008 година за повеќе од 10 проценти споредено со 2007 и најверојатно ќе останат под притисок се до оправувањето на светската економија. Намалувањето на дознаките е глобален феномен предизвикан од забавениот развој на економиите и зголемената невработеност, што во Македонија можеби беше и влошено поради политичките и макроекономските неизвесности. Трето, по големите приливи од **странски директни инвестиции** во првата половина на 2008 година (4 проценти од БДП), меѓународната кредитна криза доведе до нагла контракција во втората половина од годината (2,5 проценти од БДП) и до намалени изгледи во периодот што следи. Овие настани предизвикаа притисок врз платниот биланс на Македонија, што може да се види во намалувањето на девизните резерви од 1,7 милијарди евра на крајот од септември 2008 година на 1,5 милијарди евра на крајот од годината. Намалувањето на девизните резерви продолжи и во првиот квартал од 2009 година такашто на крајот од март тие изнесуваа 1,3

милијарди евра, со побрзото намалување на извозот во споредба со увозот во почетокот на 2009 година.

6. **За да ја намали надворешната нерамнотежа, Народна Банка на Република Македонија (НБРМ) ја затегна монетарната политика.** Прудентните мерки што ги објави НБРМ на 25 декември кои што вклучуваат лимити за кредитирањето на населението, по банки, како и стапки на минимална ликвидност би требало да придонесат за намалување на кредитниот раст и на растот на увозот. На 26 март, НБРМ дополнително ја затегна монетарната политика преку покачувањето на клучната каматна стапка од 7 на 9 проценти.

7. **Во исто време, владата дополнително ги прошири фискалните политики на тој начин зголемувајќи го надворешниот дефицит.** Само во текот на декември 2008 централната влада се соочи со дефицит во висина од 3 проценти од годишниот БДП. Истото го доведе годишниот кумулативен биланс од нивото од 2 проценти вишок на крајот од ноември до 1 процент дефицит на крајот од декември. Еден дел од трошковниот удар во декември го одразува трансферот на средства од сметките на владата на сметките на државните јавни претпријатија со што неговото влијание врз макроекономијата ќе продолжи да се одразува и во текот на првата половина од годината. Уште повеќе, на 29 декември, парламентот го усвои буџетот за 2009 година со проектиран дефицит на ниво од 2.8 проценти од БДП на тој начин одразувајќи дополнителна фискална експанзија.

8. **Во услови на продлабочување на меѓународната криза, властите во Македонија би требало да применат сложен и конзистентен план за одржување на макроекономската стабилност.** Ова ќе биде неопходно да вклучи значително затегнување на фискалната политика со што ќе може трошењето да се врати во линија со приходите и да се запре одливот на девизните резерви. Додека многу развиени земји се обидуваат да ја поттикнат намалената (опаѓачката) побарувачка исто така и поекспанзивните монетарни и фискални политики, во Македонија просторот да се направи истото е сериозно ограничен од: 1)веќе големото натфрлување на јавните и приватни трошења над износот на доходот, што се рефлектираа во значителен дефицит на тековната сметка на Македонија; 2)предизвикот за обезбедување финансиски средства за покривање на буџетскиот дефицит; како и 3)потребата да се поддржи фиксниот девизен курс. Губењето девизни резерви во последниве неколку месеци е јасен показател за ограничениот простор за експанзивните политики.

9. **Осврнувајќи се на девизниот курс, фиксниот девизен режим и служеше многу добро на Македонија.** Тој беше адекватно прилагоден на статусот на Македонија како мала отворена економија, особено во поглед на трговската ориентација кон евро зоната како и на делумната евроизација на финансискиот сектор. Меѓутоа, на таквиот режим му е неопходна силна поддршка како од монетарните така и од фискалните политики, особено во тешки времиња како денешниве. Фиксниот девизен режим значи дека девизниот курс не може да послужи како инструмент за пренасочување на побарувачката и трошењата кон домашно произведени наместо кон увезени добра во услови кога економијата се прилагодува на губењето на надворешни средства за финансирање. Оттаму, тој го става поголемиот акцент на обидите за цврстата политика за воздржување на севкупните трошења во економијата.

10. **Од аспект на ваквите согледувања, постои нагласена и ургентна потреба за ревидирање и затегнување на буџетот за 2009 година.** Во првиот квартал од 2009 година, приходите беа за 5 проценти пониски во однос на 2008, додека со буџетот за 2009 беше проектирано истите да се зголемат за 13 проценти. Имајќи ги превид лимитираните можности за финансирање, трошењата ќе треба да се доведат во линија со приходите.

11. **Дозволете ми да завршам со фактот дека ММФ продолжува во својата подготвеност да и помогне на Македонија на начин кој што, според оценката на властите, е најсоодветен.** Новиот шеф на мисијата на ММФ за Македонија веќе е именуван и тој е господинот Вес МекГру. Тој ќе се сретне со македонските претставници во Вашингтон при крајот од април, за време на Пролетните состаноци. Основната цел на разговорите ќе биде со властите да се прегледаат економските перспективи и обидот да поставиме заедничко гледиште за предизвиците со кои се соочува Македонија како и за најсоодветниот избор на политики.

Ви благодарам,